**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

**Јануари, 2024 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 5 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23 и 236/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ____________ донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање како на индивидуален, така и на професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Консумацијата на алкохол денес не е само појава кај возрасните лица, туку и кај младите луѓе чиј број од ден на ден станува се поголем. Истотака, се поголем е бројот на консументи на алкохол и меѓу жените. Околу 85% од возрасните лица употребуваат алкохол, што е една од главните причини за повеќе болести или прерана смрт. Злоупотребата на алкохол е одговорна за околу 9% од вкупниот морбидитет во европскиот регион, зголемувајќи го ризикот за појава на хепатална цироза, одредени видови на карцином, хипертензија, инсулт и конгенитални малформации, како и појавата на семејни, работни и социјални проблеми, несреќи, напади, криминогено и кривично однесување, несакани повреди, сообраќајни несреќи, насилство, убиство и самоубиство и друго. Се проценува дека над 60.000 луѓе се алкохоличари, а 300.000 имаат проблеми со алкохолот и покажуваат знаци на алкохолна болест

Според Студијата за употреба на психоактивни супстанции помеѓу општата популација во Република Северна Македонија (Институт за јавно здравје 2017), највисоко ниво на консумирање на алкохол е пронајдено во возрасната група 25-34 (76,9%), потоа следи возрасната група 15-24 со 74,7%. Најчесто користена нелегална дрога е канабисот и 8,2% од сите возрасти пријавиле дека земале од оваа дрога во одреден момент од нивниот живот. Стапките на преваленца на земање други видови на дроги во текот на животот се значително помали: екстази 1,6%, амфетамини 1,1%, хероин 1,1%, ЛСД 0,5% и кокаин 1,3%.

Особено загрижувачко е постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на психоактивни супстанци и возраста на започнување. Употребата на психоактивни супстанци помеѓу малолетните лица (лица под 18 годишна возраст) во Република Северна Македонија станува сериозен проблем и за кој е потребен сериозен пристап од сите засегнати страни како од професионалните здравствени работници така и од креаторите на политиките.

Употребата на психоактивни супстанции (ПАС) меѓу децата и недостатокот на соодветни програми за лекување, ресоцијализација и реинтеграција е проблем кој во Република Северна Македонија се провлекува многу години. Наодите од ЕСПАД укажуваат на зачестеност на употреба на психоактивни супстанции кај децата. Граѓанскиот сектор и Народниот правобранител во повеќе наврати апелираа за решавање на проблемот, за кој до денес не е најдено решение.

Обезбедувањето на сеопфатна грижа, третман и поддршка на децата кои употребуваат психоактивни супстанции (ПАС), подразбира координирано мултисекторско делување во повеќе фази кои имаат за цел:

1. Рана детекција на употреба на дроги кај децата, особено кај децата во социјален ризик,
2. Обезбедување на соодветен третман со здравствени и психо-социјални интервенции за децата и нивните семејства, и
3. Успешна ресоцијализација и реинтеграција на децата преку работа со целите семејства во тек и по лекувањето, или преку преодни програми за резиденцијален третман.

Програмата за деца кои користат дроги треба да е наменета за сите деца кои користат психоактивни супстанции. За успешна реализација на програмата потребно е ангажирање на социјалните, здравствените, образовните, корективните и безбедносните институции, како и на граѓанскиот сектор.

Децата кои употребуваат или се зависни од психоактивни супстанции имаат право на пристап до услугите што ги обезбедуваат **квалификувани здравствени работници, психолози, социјални работници и педагози**, во рамка на **ефективна и базирана на докази пракса** во **сеопфатен систем на грижа** што обезбедува **поддршка во сите фази на процесот на третманот и грижата за децата кои користат психоактивни супстанции (ПАС)**.

## АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Третманот на лицата зависни од алкохол актуелно е со доминантна психијатријска ориентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите психијатриски болници во државата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневно-болнички на повеќе од 400 лица.

Третманот на лицата зависни од droги е расположливо во рамките на јавните и приватните здравствени установи во земјата.

Третманот на лекување во јавните здравствени установи вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Најголемиот дел од лицата со растројства од употреба на дрога се лекуваат дневно-болнички, каде се нуди третман со агонистичка терапија со опоиди, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психо-терапија.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Основна цел на програмата** е вклучување на што поголем број на лица со растројства од употреба на дрога во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности.

Ефикасноста на терапијата на одржување со метадон и бупренорфин се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање.

Цел на програмата е на лицата што употребуваат дроги или се зависни од нив да им се пружи помош и подршка преку широко достапни, ефикасни, флексибилни и индивидуално прилагодени интервенции што ќе го подобрат нивното здравје и ќе им овозможат социјално созревање и функционирање, без нивно натамошно стигматизирање и маргинализирање.

## ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

- завршување на процесот на децентрализација на третманот со бупренорфин и подеднаква достапност на лекот бупренорфин до сите лица со нарушувања од употреба на дрога во земјата, вклучително и лицата лишени од слобода,
- развивање на посебна Програма за сеопфатна грижа и лекување на малолетни лица корисници на психоактивни супстанции. Програмата ќе ги следи специфичните потреби на децата, нивната возраст и развојното ниво, ќе го олеснува пристапот до услуги во заедницата и ќе ги вклучува децата и нивните родители / старатели во третманот.
- изготвување на Протокол за третман на деца кои употребуваат психоактивни супстанци,
- развивање на специфични програми и протокол за третман на жени/бремени жени
- подеднаква достапност на сервисите за третман на соматски и психички коморбидитет за лицата со нарушувања од употреба на дрога како и за останати пациенти во земјата
- планирање и понатамошно проширување на мрежата на служби преку отворање на нови служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во повеќе градови во земјата, според потребата (број на лица со нарушувања од употреба на дрога, оддалеченост од постоечките регионални центри и др.), Гостивар, Кичево, Струга и Прилеп,

- исполнување на стандардизирани услови за работа во однос на кадарот и обуката на кадарот во сите специјализирани центри во земјата, обезбедување мултипрофесионални тимови во сервисите за третман и нивна адекватна професионална квалификација,
- обезбедување лекови според медицина заснована на докази, за третман на нарушувања од употреба на дрога и предозирање, во сите сервиси за третман на нарушувања од употреба на дрога,
- ревидирање на постоечките протоколи – протокол за метадон, протокол за бупренорфин и проткол за неонатален апстиненцијален синдром,
- изготвување на софтверски програм за лицата со болести на зависност кои се на третман во јавните здравствени установи,
- анализа на состојбите во однос на простор, опрема и кадар и примената на протоколите во казнено поправните установи во земјата,

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ)

Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги.

Вклучување на што поголем број на лица кои употребуваат дроги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Со овие мерки, ќе се овозможи:

- постигнување апстиненција,
- намалување на зачестеноста и остринатa на рецидивите,
- намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема,
- подобрување на физичкото и психолошкото здравје;
- намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога;
- овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и
- унапредување на социјалното функционирање.

## ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Третманот на зависноста од дроги и лекувањето во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници - судски случаи претставува комбинација на: фармакотерапија (агонистичка терапија со опоиди - метадон и бупренорфин), лекови за смирување на болки, за подобрување на апетитот, регулирање на расположението, сонот и др.), психотерапија која се спроведува во зависност од проценката на потребите на пациентот и семејството и социотерапија која претставува учење на социјални вештини за возобновување или подобрување на социјалното функционирање.

Согласно, доктринарните ставови и медицината заснована на докази, финансиските трошоци за обезбедување на дневно-болничка и болничка здравствена заштита на лицата со болести на зависности опфаќаат:

| | **ПАКЕТИ ЗА ЗАВИСНОСТИ И АЛКОХОЛИЗАМ** | **Цена на пакет услуги** |
|---|---|---|
| **1.** | **ПАКЕТ БР. 1** | |
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор и медицинска сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги | **1700,00 денари** |
| **2.** | **ПАКЕТ БР. 2** | |
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор и медицинска сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги | **1900,00 денари** |
| **3.** | **ПАКЕТ БР. 3** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор, медицинска сестра, психолог, социјален работник, потрошен материјал и лабораториски услуги | **2100,00 денари** |
| **4.** | **ПАКЕТ БР. 4 Болничко лекување на пациенти** | |
| | Во цената на пакетот е вклучен болнички ден за стационарни пациенти (сместување и исхрана во стандардни болнички услови, лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки и психосоцијален третман на пациентите).<br>Дополнително ќе бидат фактурирани ординирана терапија, потрошен материјал и лабораториски услуги. | **550,00 денари** |

За реализација на мерките и активностите предвидени со оваа програма предвидени се средства за:

| **1.** | **Метадон / бупренорфин** | **Количини** |
|---|---|---|
| 1.1. | Набавка на метадон за 1600 лица со болести на зависности | 4 750 000 мл. |
| 1.2. | Набавка на бупренорфин за 400 лица со болести на зависности<br>Таблети од 2 мг. –230 720 мг<br>Таблети од 8 мг. –992 320 мг | 1 223 040мг |
| **2.** | **Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи** | |
| 2.1. | Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.2. | Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.3. | Лекување на зависници-судски случаи | |
| 2.4. | Лекување на деца корисници на опојни дроги и психотропни супстанци | |
| **3.** | **Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2023 година** | |
| | **ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА** | **82.000.000,00** |

Пресметките за потребните количини на метадон и бупренорфин се направени врз основа на податоците за бројот на пациентите и динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) во 2023 година и залихите на метадон и бупренорфин. За да се добие проектирана вредност на фискалните импликации земени се цените на чинење на метадон и бупренорфин во 2023 година.

Доколку во 2024 година се отворат нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Република Северна Македонија, лицата кои ќе бидат опфатени со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), ќе бидат дел од оваа програма.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина согласно одобрените средства од основниот буџет наменети за оваа програма, во висина од **82.000.000,00 денари.**

## ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма во третманот на алкохолизам и со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) се: Психијатриските болници Скопје, Демир Хисар и Негорци, Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје и Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги кои функционираат во рамките на болниците во Тетово, Куманово, Струмица, Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Велес, Кавадарци, ГОБ 8-ми Септември Скопје, Здравствен дом Скопје (КПУ Идризово и КПУ Затвор Скопје) и КПУ Затвор Битола.

## НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Набавените количини на метадон и бупренорфин ќе се дистрибуираат до овластените здравствени установи - извршители на програмата, на неделно/месечно ниво по претходна нарачка од страна на Министерството за здравство.

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 20 во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности согласно оваа програма и контрола на динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) и увид во медицинската документација.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Број:___________________**

**_______________ 2024 год.**

**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**

**ДИМИТАР КОВАЧЕВСКИ**